Сузана СИМОНОВСКА УДК: 316.4.05

# ВО СВЕТОТ НА СИМУЛАЦИЈА И СИМУЛАКРУМИ

***Кратка содржина***

*Трудот со наслов „Во светот на симулација и симулакруми“ е посветен на гледиштата на Жан Бодријар, кој развива една впечатлива и екстремна теорија на постмодерната, во која го објавува крајот на модерното индустриско општество и го најавува доаѓањето на новото постмодерно општество. Развојот на информатичката и комуникациската технологија предизвикува пресврт во равојот на модерните индустриски општества и го отвора патот на новата ера во цивилизацијата, „ера на симулации и симулакруми“, во која се развиваат нови форми на технологијата, културата и општеството. Бодријар го антиципира новиот општествен поредок како ‘нов технички поредок’, ‘нова околина’, ‘нова сфера на секојдневниот живот’, ‘нова смртност’ и нов облик на ‘хипер-цивилизација’.*

*Неговите детални анализи на новата комуникациска технологија, на масмедиумите и културата, како клучни механизми на воспоставувањето на новите форми на моќ и доминација врз субјектите, придонесуваат во расветлувањето на новите текови на современите капиталистички општества и нудат критички одговори за времето во кое денес живееме.*

***Клучни зборови:*** *СИМУЛАЦИЈА, СИМУЛАКРУМИ, ХИПЕР-РЕАЛНОСТ, ИМПЛОЗ*ија.

Промените кои со себе ги носи научно-технолошката револуција, експанзијата на информатичката и комуникациската технологија во модерните индустриски општества, се причина поради која во втората половина на XX век, на светската интелектуална сцена се појавија низа мислители кои го објавија крајот на модерното индустриско општество и го најавија доаѓањето на новото постиндустриско, или постмодерно општество. Оние кои на постиндустриското, или на посмодерното, гледаат како на нов стадиум во историјата,

како на нова епоха која радикално се разликува од ‘модерната’, всушност, говорат за создавањето на нова општествено-културна формација. Според нив информатичката револуција предизвикува пресврт во равојот на модерните индустриски општества и го отвора патот на новата ера во цивилизацијата.

Од една страна се теоретичарите на постиндустриското општество (Алвин Тофлер, Џон Незбит, Амитаи Ециони, Питер Дракер и др.) кои говорат за доаѓањето на информатичкото, супер-индустриско општество на местото на класичниот индустријализам и, главно, се оптимистички настроени во однос на импликациите што ги предизвикува научно-технолошката револуција. Од друга страна се постмодерните теоретичари кои ја афирмираат идејата за постмодрното општество и кои не се така еуфорични во однос на траекториите на модерните општества. Во постмодерните теории, артикулирани од страна на постструктуралистите Жан Бодријар, Жак Дерида, Мишел Фуко, Жан-Франсоа Лиотар, Жил Делез, Феликс Гатари и други[1], вниманието е посветено на механизмите на воспоставувањето на новите форми на моќ и доминација.

Експлицитен обид за конструкција на постмодерната како нова епоха во историјата, среќаваме кај Жан Бодријар[2]. Тој развива впечатлива и екстремна теорија на постмодерната, и ја инаугурира новата ера, „ерата на симулации", во која се развиваат нови форми на технологијата, културата и општеството. Новиот општествен поредок Бодријар го антиципира како ‘нов технички поредок’, ‘нова околина’, ‘нова сфера на секојдневниот живот’, ‘нова смртност’ и нов облик на ‘хипер-цивилизација’. Во ерата на симулации, како што посо-

---

[1] Постструктурализмот се развива во крајот на седумдесеттите и почетокот на осумдесеттите година на XX век во Франција. Во постструктурализмот се доведува во прашање просветителската верба во непрекинатиот развиток со помош на научниот рационализам, како и верувањето во надоместувачката моќ на културата. Во модерните форми на знаење и моќ овие теоретичари гледаат средство за воспоставување на нови форми на доминација.

[2] Жан Бодријар е роден на 20 јули 1929 година во Ремс. Својата кариера ја започнува како професор по германски јазик (1958 -1966). Од 1966 до 1986 работи како асистент, а потоа како професор на Универзитетот во Париз, каде што и магистрира со тезата *Системот на предметите*. Во периодот од 1986 до 1990 година е член во научната управа на Институтот за социо-економски студии на Универзитетот во Париз. Со своите бројни предавања во странство, филозофските есеи и делата посветени на современата социологија и ликовна критика, Бодријар ја постигнува својата слава, особено во САД, каде е организирана конференцијата *Бодријар во планините*, и го инспирира движењето *Симулационисти*.

Најзначајни негови дела се: *Симболичка размена и смртта* (1976); *За заведувањето* (1979); *Симулакруми и симулација* (1981); *Фатални стратегии* (1983); *Америка* (1986); *Другиот од истиот* (1987); *Прозирноста на злото* (1990); *Илузии на крајот* (1992); *Cool Memories*, I, II, III (1987/90/95/; и *Совршено злосторство* (1995).

чува во делото *Симулакруми и симулација*[3], 'страста' се поместува кон компјутерите и кон информатичката минијатуризација на секојдневниот живот. Новите форми на симулација, киберпросторот и вештачки создадените реалности во облик на компјутерски игри, вештачка храна и козметика, модули со вештачка свест и други новитети кои се воведуваат на пазарот, укажуваат на промените кои се случуваат во современите западни општества и нивното насочување кон симулацијата и хиперреалноста. Оваа „кибернетска и хиперреална ера“[4], го означува крајот на ерата на модерната, во која доминираат производството, индустрискиот капитализам и политичката економија. Компјутеризацијата, информациите, кибернетичките системи на контрола и организација на општеството, во склад со симулационите кодови и модели, го заменуваат производството како организирачки принцип на општеството. Затоа политичката економија повеќе не може да биде релевантна за анализа на современите општества. Пазарниот закон на вредноста е заменет со структуралниот закон на вредност.[5]

Нашиот свет, според Бодријар, станува чист свет на симулација, кој почива на информации и знаци управувани од модели, кодови и од кибернетиката. Симулацијата, загосподарува со стварноста во која владее 'екстазата на комуникацијата'. Во новата 'електронска реалност', симулациите, моделите или кодовите, ги нагризуваат разликите меѓу моделот и реалното. Границата меѓу сликата (симулацијата) и реалноста, во постмодерниот свет имплодира (се израмнува). Така, со помош на моделите се создава „нешто стварно без потекло на стварноста“ – хиперреалноста, во која повеќе не е можно да се направи разлика помеѓу имагинарното и реалното, помеѓу знакот и она што е означено, помеѓу вистината и лагата[6]. Веќе не станува збор за имитација или за удвојување, туку за замена на стварното со неговите знаци, односно „за една операција на одвраќање од секој стварен процес со помош на неговиот оперативен двојник.“[7] Реалното не е веќе едноставно дадено, туку е вештачки (пре)создадено како реално:

„Живееме во свет кој е чудно сличен на оригиналот – нештата во него се заменети според спственото сценарио“[8].

---

[3] Ж. Бодријар, *Симулакруми и симулација*, Магор, Скопје, 2001.
[4] Исто, стр. 159.
[5] Види: Ž. Bodrijar, *Simbolička razmena i smrt*, Dečje Novine, Gornji Milanovac, 1991.
[6] Ж. Бодријар, *Симулакруми и симулација*, цит. дело, стр. 6.
[7] Исто, стр 7.
[8] Исто, стр. 19.

Светот на симулацијата е свет на симулакруми – копии кои немаат оргинали или во кои оригиналите се загубени, како на пример Дизниленд – „совршениот модел на сите видови испреплетени симулакруми... игра на илузии и фантазми"[9]; или пустинските градови какви што се Лас Вегас и Лос Анџелес – град со „фабулозна распространетост, но без простор, без димензии"[10]. За разлика од природните, натуралистички симулакруми (засновани на сликата, на имитацијата и на фалсификувањето) и продуктивните симулакруми (засновани на нивната материјализација со помош на машините), симулакрумите на симулацијата, како тред вид на симулакруми, се засновани на кибернетската информација, моделот, играта, и ја создаваат хиперреалноста со нејзиниот стремеж кон целосна контрола. Моделите веќе не претставуваат трансценденција или проекција, или пак нешто имагинарно во однос на стварното, туку самите тие се антиципација на стварното. Полето на симулација во кибернетска смисла, за Бодријар е поле на манипулација од секаков вид со тие модели (сценарија, поставување на симулирани ситуации, итн.). Нема веќе фикција, тоа е крајот на фантазмот, на научната фантастика, и почеток на ерата на хиперреалноста. Во хиперреалноста, самата реалност е сочинета со симулации, пришто имплодира границата помеѓу хиперреалното и реалното.

Имплозијата станува клучна компонента во постмодерната теорија на Бодријар и таа го опишува процесот на општествена ентропија што води до колапс на границите. Во многу негови дела, како што посочуваат Стивен Бест и Даглас Келнер, се чини дека „универзумот е без граници и во вртоглав флукс во кој сите граници и разлики во филозофијата, општествената и политичката теорија и капиталистичкото општество се имплодирани во еден неразлачен флукс на симулакруми."[11] Имплодираат сите значења, разлики меѓу класите, политичките идеологии и културните форми. За Бодријар дури и општеството во целина е имплозивно, а индивидуите се претвораат во една неразлачива и молчелива маса. „Тајната и непрекината имплозија, вели Бодријар, можеби денес е посмртоносна од сите експлозии кои не успиваат."[12]

Симулацијата е „стратешко средство на тој општ и универзален потфат на разубедувањето: да се придобијат луѓето кон идеоло-

---

[9] Исто, стр. 19.
[10] Исто, стр. 21.
[11] С. Бест, Д. Келнер, *Постмодерна теорија*, Култура, Скопје, 1996, стр. 173.
[12] Ж. Бодријар, *Симулакруми и симулација*, цит. дело, стр. 76.

гијата и кон дисциплината на апсолутната безбедност“[13]. Симулацијата е таа која е ефикасна, за разлика од реалното, кое никогаш не е такво.

Бодријар во своите анализи на новите текови на постмодерното општество, посебно внимание им посветува на улогата и влијанието на медиумите врз креирањето на субјектите. Медиумите креираат нова околина за нас, нова епистемологија и нови форми на резонирање. Тие придонесуваат во создавањето на новата ‘електронска реалност’, облеана со имагинација и симболи; манипулираат во сите насоки, ја неутрализираат смислата и ја произведуваат ‘безобличната маса’ – рамнодушна и меланхонична. Масовните медиуми, како средства на масовната комуникација, дневно се обраќаат на широка популација со единствен глас. Масовното комуницирање е строго промислено и наметнато. Постојаното „бомбардирање“ со медиумските пораки, кои се ‘израмнуваат’ во еден неутрален тек на информација, забава, рекламирање и политика, има за цел да дејствува врз погледите на луѓето, да креира ставови и навики, па дури и определени емоционални и интелектуални реакции. Рекламата во која се претопуват „сите виртуелни начини на изразување“, денес станува сопствен производ и ја засилува инерцијата[14]. Ваквиот процес е невозможно да се контролира бидејќи се остварува со помош на симулацијата.

Во постмодерниот свет на симулации, субјектите ја губат битката за доминацијата врз објектите. Во новиот систем на масовна потрошувачка, поврзан со експлозивното множење на потрошувачките стоки и услуги, новиот систем на објекти ги условува и структурира потребите, поведението и фантазиите на субјектите. Во делото *Фатални стратегии* со поднаслов „Одмазда на кристалот“[15], Бодријар развива постмодерна метафизика со која ги урива претпоставките на традиционалната метафизика за супериорноста на субјектот над објектот. Во втората половина на XX век ‘привелегираната’ позиција на субјектот, која му ја припишуваше традиционалната метафизика, од Декарт па наваму, и која ја одржуваше супериорноста на субјектот над објектот, станува неодржлива.

Во масовната цивилизација се создава нов вид на односи помеѓу човекот и предметите. Објектите привлекуваат, фасцинираат и наведуваат да купуваме и трошиме секогаш повеќе, па дури и кога е тоа

[13] Исто, стр. 78.
[14] Исто, стр. 117.
[15] Ž. Bodrijar, *Fatalne strategije*, Književna zajednica Novog Sada, Novi Sad, 1991.

за некоја непотребна и апсурдна цел. Објектот на потрошувачка се карактеризира со функционална бескорисност. На тој начин, објектите во високо развиеното технолошко општество ја превземаат доминацијата врз субјектите и ја контролираат перцепцијата, мислата и поведението на индивидуата. Во постмодерниот свет, во кој објектите стануваат носители на 'фаталните стратегии', не ни преостанува ништо друго освен да се откажеме од претензиите за стекнување на суверенитет над светот над објектите. Ваквите 'фатални стратегии', во кои објектите се множат и 'метастазираат' до крајности, „воопшто не му паѓаат тешко на капиталот, а очигледно е дека не го поткопуваат ниту пак го трансформираат системот"[16]. Во потрошувачкото општество постојаното обновување на производите, физиолошки е неопходно единствено за опстанок на системот.

Современиот човек сè повеќе е пасивен реципиент. Индивидуите се претвараат во една „неразлачива и пасивна маса", изложена на постојаните бомбардирања со пораки, како и на постојаните обиди да се наведат да купат, консумираат, работат, гласаат, да регистрират нечие мнение или да учествуваат во општествениот живот. Општествената пасивност е последица на комерцијализацијата на слободното време, во светот во кој „има сè повеќе информации, а сè помалку смисла"[17]. Загубата на смислата е непосредно врзана со разубедувачкото дејство на информацијата, на медиумите и на масмедиумите. Информацијата ги „голта сопствените содржини" и наместо да овозможи комуникација таа „се исцрпува во инсценирањето на комуникацијата"; наместо да „призведува смисла, таа се исцрпува во инсценирањето на смислата"[18]. Тоа е, всушност, процесот на симулација, во кој целата енергија е насочена кон одржувањето на симулакрумот, а сè со цел да се одбегне бруталната реалност на загубата на смислата. Во таа 'екстаза на комуникацијата', Бодријар го гледа исчезнувањето на индивидуалноста и нејзиното целосно разложување во информатичко и комуникациско, што според него тоа е 'нова форма на шизофренија'.

И додека модернизмот веруваше во моќта на уметноста и во одржување на чистите вредности, и го критикуваше модерното општество особено во неговата буржоаска форма, Бодријар го отфрла верувањето во надоместувачката моќ на културата. Наместо да се оствари модерниот идеал за „превреднување на сите вредности" се

[16] С. Бест, Д. Келнер, *Постмодерна теорија*, цит. дело, стр. 188.
[17] Ж. Бодријар, *Симулакруми и симулација*, цит. дело, стр. 107.
[18] Исто, стр. 109.

остварува еден процес на „дисперзија и инволуција на вредностите“[19]. Единствената вистинска културна пракса е онаа масовната, „манипулаторска, случајна, лавиринтска пракса на знаците – која веќе нема смисла“[20]. Крајот на естетиката, и триумфот на медиумот, е она што Бодријар го гледа во процесот на имплозијата на културата.

Медиумите, потрошувачката, модата, одморот и семиотиката, според Бодријар стануваат клучни механизми на моќта во современите општества на висока технологија. Моќта е многу повеќе распространета и распрсната, и не е лоцирана во ниту една макро или микро институција, туку е „мртва моќ“. Информатичкото општество ја преобразува моќта во дисперзен, апстрактен и дематеријализиран феномен, така што е невозможно да се следат нејзините патеки, структури, релации и ефекти, и затоа борбата против неа е невозможна.[21]

Во ваквиот свет станува апсурден секој обид да се менува или контролира светот. Затоа Бодријар се откажува од секакви специфични цели или политички проекти. За Бодријар постмодерниот свет е еден свет на нихилизам, зафатен од „пеколот на симулацијата, кој веќе не е оној на мачењето, туку на суптилното, злобното, недофатливото изврткување на смислата.“[22] Нихилизмот, на невообичаен начин целосно се остварил, не во уништувањето, туку во симулацијата и разубедувањето. Во една ‘екстаза на комуникациите’, апсурдно станува барањето на смисла во сето тоа. Светот зафатен од процесот на уништувањето на смислата, е свет во кој „нема веќе надеж за смислата“ или надеж во подобра иднина[23]. Во постмодерниот свет веќе не се можни определби бидејќи ‘сѐ е веќе сторено’. Достигната е крајната граница на овие можности.

Бодријар со постмодерната го означува крајот на историјата и крајот на модерната, како процес на промена, иновација, прогрес и развој кој ќе донесе демократија, напредок и благосостојба за сите. Историјата на крајот ќе исчезне во ‘хиперпросторот’ во кој се губи сета смисла и притоа, целосната ентропија на општетвото ги доведува масите во состојба на пасивност и здодевност, што ќе предизвика имплозија на историјата во состојба на инерција и застој.

За разлика од Фуко, Делез и Гатари, Лакло и Муф, Џејмсон и многу феминистки, кои посочуваа на развојот на нови форми на

---

[19] Види: Ž. Bodrijar, *Prozirnost zla*, Svetovi, Novi Sad, 1994, стр. 9-15.

[20] Ж. Бодријар, *Симулакруми и симулација*, цит. дело, стр. 88.

[21] Види: J. Baudrillard, *Forget Foucault & Forget Baudrillard*, Semiotext(e), New York, 1987.

[22] Ж. Бодријар, *Симулакруми и симулација*, цит. дело, стр. 27–8.

[23] Исто, стр. 208.

радикална политика, Бодријар се откажува од политиката и го најавува крајот на општеството, политиката, масите и историјата. Тој става крај на модернистичката опсесија со новото, што значи и крај на барањето смисла во иднината.

Значи ние сме во постмодерен свет, свет на сегашнината, без потекло или насока, минато или иднина, свет во кој е невозможно да се најде центар или јатка или преспектива, свет во кој целата сегашност е привремена без длабоки структури и финални причини. Крај на модерното, тоа е сè што ветува и претпоставува Бодријар – крајот на вербата во прогресот, разумот, науката, модернизацијата, развојот, совршенството на човекот, трансценденцијата на историјата низ класна борба. Кажано во духот на Дик Хебдиџ, пост-модерното е модерно без надежи и соништа кои го правеа модерното подносливо. Но, дали навистина е тоа нашата иднина?

И покрај тоа што не би можеле да го прифатиме апокалиптичниот дискурс на постмодрната теорија што ја развива Бодријар, според која современите трендови се конечни, па оттука апсурдно би било да го менуваме или да го контролираме светот, сепак неговата теорија е значајна од аспектот на деталните анализи на новата комуникациска технологија, на масмедиумите, и нивните механизми за воспоставување на нови форми на моќ и доминација. Во делата на Бодријар може да се најдат критички одговори за времето во кое денес живееме, и основа за соодветно теоретизирање на врските помеѓу економските, политичките, социјалните и културните димензии на современите технолошки општества.

(Рецензент: *проф. д-р Владимир Давчев*)

## ЛИТЕРАТУРА

Бодријар, Ж., *Симулакруми и симулација*, Магор, Скопје, 2001.

Bodrijar, Ž.., *Simbolička razmena i smrt*, Dečje Novine, Gornji Milanovać, 1991.

Bodrijar, Ž. *Fatalne strategije*, Književna zajednica Novog Sada, Novi Sad, 1991.

Bodrijar, Ž., *Prozirnost zla*, Svetovi, Novi Sad, 1994.

Baudrillard, J., *Forget Foucault & Forget Baudrillard*, Semiotext(e), New York, 1987.

Бест, С., Келнер, Д., *Постмодерна теорија*, Култура, Скопје, 1996.

Kumar, K., *From Post-Industrial to Post-Modern Society: New Theories of the Contemporary World*, Blackwell, Ohford UK & Cambridge USA, 1995.

Suzana SIMONOVSKA

## IN THE WORLD OF SIMULACRA AND SIMULATIONS

### SUMMARY

*The work titled „In the World of Simulacra and Simulations" is dedicated to the views of Jean Baudrillard, who developed an impressive and extreme theory of post-modern civilization, in which he announces the end of the modern industrial society and heralds the coming of the new post-modern society. The development of the information and communication technology brought about a revolution in the development of modern industrial societies and opens the road to the new era in civilization, „era of simulacra and simulations" in which new forms of technology, culture and society are developed. Baudrillard anticipates the new social order as „a new technological order", „new environment", „a new field in everyday life", „a new mortality", and a new form of „hyper civilization".*

*His detailed analyses of the new communication technology, the mass media and culture, as fundamental mechanisms of establishing new forms of power and domination over subjects, contribute to making clear the new courses of modern capitalist societies and offer a critical answer for the time in we live in.*

***Keywords:*** *SIMULACRA, SIMULATIONS, HYPER CIVILIZATION.*